Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна,навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Јегуновце преку оваа Програма за 2024 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички стручна подготвена единица за противпожарна заштита ,која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на општина Јегуновце и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спсувањето , превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината .

3. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето и активностите од областа на заштита и спасување , превенција и справување со кризни појави дејствувањето на Општинскиот противпожаран сојуз, доброволните противпожарни друштва ,Територијалната протипожарна единица (со посебна програма) утврдени според оваа Програма ќе биде реализирана од :

-Средства од буџетот на општина Јегуновце и Републичкиот буџет,

Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации, правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари ,доброволно противпожарно организирање и за друг вид на несреќи .

4. РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

	ПРИХОДИ	
1	Буџет на општина Јегуновце	101.000
2	Сопствени приходи од давање на услуги	/
3	Приходи од други извори,донации ,проекти	/
4	ВКУПНО 1-3	101.000

Б) Противпожарна заштита ,доброволна противпожарна организација и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина.

	РАСХОДИ	
1	Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици	15.000
2	Набавка на техничка и заштитна опрема	30.000
3	Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата	1.000
4	Набавка на работни униформи за ДПД	10.000
5	За обука договорни услуги	5.000
6	Освежителни пијалоци при реализација на вежбовните и други активности	5.000
7	Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи	10.000
8	Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица –учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи	20.000
9	Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општината	5.000
10	ВКУПНО 1-9	101.000

5. ДРУГИ ФОРМИ И АКТИВНОСТИ ЗА ПОБЕЗБЕДНА ОПШТИНА СО ПОДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ ОД ЗАШТИТНО-СПАСУВАЧКА ОРГАНИЗИРАНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА.

- Активностите на ДЗС, ЦУК , Територијалната противпожарна единица, Општинскиот противпожарен сојуз , Доброволните противпожарни друштва, освен со финансиски средства, Советот на општина Јегуновце и градоначалникот на општината ќе помагаат и стимулираат со :
- Учество на градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и општинскиот противпожарен сојуз поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и градоначалникот на Општина Јегуновце и Одделение за правни работи, општи работи и јавни дејности.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од

пожари,инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и градоначалникот на општина Јегуновце ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи , давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварување на програмските цели и активности .

Според наши согледувања висината на бараните финансиски средства се минорни во буџетот на општината ,а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра од елемнтарните и други несреќи ,кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина .

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Јегуновце,,.

Бр. 08-422/17
07.03 2024
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Јегуновце

Се прогласува Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Јегуновце , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 07.03.2024 год.

Бр. 09-469/16
11.03.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр 05/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце ("Сл. гласник на Општина Јегуновце" бр 21/03,16/2010, 19/2010, 20/2014, 26/2015, 27/2019) и член 16 од Закон за младинско учество и младински политики (ЗМУМП), („Сл.весник на РСМ„ бр.10/2020) Советот на Општина Јегуновце на 36-та седница оджана на ден 07.03.2024 година ја донесе следнава:

СТАТУТАРНА ОДЛУКА

За измени и дополнување на Статутот на Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на Статутот на Општина Јегуновце (Службен гласник на Општина Јегуновце бр.21/03, 16/2010, 19/2010, 20/2014, 26/2015, 27/2019) со цел прилагодување на Статутот кон законските нормативи пропишани во Закон за младинско учество и младински политики и тоа:

„Глава III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА, текстот на Членовите: 26-в; 26-г, 26-д; 26-ѓ и 26-е, дефинирани согласно Националната Стратегија за Млади на Република Македонија, и запишани во статутот согласно одлуката со Бр.07-1640/9 од 31.10.2014 се поништува и се заменува со нов, согласно член 16 од Законот за младинско учество и младински политики.

Следствено, новиот текст на членот 26-в гласи:

Во рамките на својот делокруг на работа Локалниот младински совет:

- предлага точки на дневен ред на Советот на Општината, кои ги засегаат младите;
- иницира прашања за млади од делокругот на работата на Општината;
- иницира, учествува и дава повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- доставува информации до Општината, за прашања кои се однесуваат на младите, и
- врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со ЗМУМП.

Новиот текст на членот 26-г гласи

Општината распишува Повик за формирање Иницијативен одбор (ИО) согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики. Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на ЛМС. Во повикот се напоменува дека Иницијативниот одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание за млади, има најмногу 5 члена и по успешно свикување на Собранието истиот се распушта, односно мандатот престанува.

Иницијативниот одбор преку Општината објавува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади. Во јавниот повик јасно е прикажан начинот на пријавување, критериумите кои треба да се исполнуваат за пријавување, како и рокот за пријавување. Повикот треба да биде објавен на веб-страницата на Општината, и да биде достапен за сите млади, а да се сподели на повеќе јавни места, на социјалните мрежи на Општината, до медиумите и до засегнатите чинители (форми на младинско организирање).

Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Собранието не мора да бидат регистрирани во Општината, но мора да имаат активности на територијата на Општината. Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општината и да се на возраст од 15 до 29 години.

Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади (ЛСМ) заедно со одговорното лице на Општината.

Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува тричлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет. На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Собранието на млади. Мандатот на членовите на Собранието на млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор.

На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Собранието на млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието и оформува тричлена верификациона комисија

Првата седница на Локалното собрание на млади (веднаш после конститутивната седница) ја свикува веќе избраниот претседавач/чка на Собранието. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување Јавен повик за формирање Локален младински совет на Општината, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општината, во локалните медиуми и на останати јавни места/социјални медиуми сè со цел да информира што е можно поголем број на млади во Општината. Повикот треба да трае најмалку 10 дена од денот на неговото објавување.

По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката и до Собранието кои пак свикуваат нова седница на Собранието. На седницата на Локалното собрание на млади се покануваат делегатите на Собранието и младите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет, а ги исполнуваат критериумите од повикот.

Тричлената верификациона комисија на Локалното собрание за млади (креирана за време на конститутивната седница) го следи процесот на избор на членови на Младинскиот совет на Општината и треба да ги потврди мандатите на делегатите.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката на гласање. Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола.

Бројот на членови на Локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општината. Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет ги предлагаат: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината Јегуновце го избира и го разрешува Локалниот младински совет врз основа на одлука на Локалното собрание на млади. Локалниот младински совет од своите редови избира претседател/ка и заменикпретседател/ка, согласно Деловникот за работа на Локалниот младински совет.
Новиот текст на членот 26-д гласи:
Советот на Општината може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот поради:
- лично барање на членот на ЛМС,
- ако неоправдано отсуствува од седниците на Советот на млади.
Новиот текст на членот 26-ѓ гласи:
Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот/ката на Локалниот младински совет. Претседателот/ката на Советот е должен/а да свика вонредна седница на Советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на ЛМС.
Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС.
Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се утврдува со Деловникот за работа.
Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за поедини групи на млади или за проблеми кои ги засегаат младите.
Новиот текст на членот 26-е гласи:
Локалниот младински совет донесува програма за работа на ЛМС и ја доставува до Советот на Општината за секоја календарска година. Програмата за работа, Локалниот младински совет ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на ЛМС. Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на Општината Јегуновце најдоцна до 31 октомври во тековната година, за следната година.
СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ
Општина обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување седници на Советот на млади во Општина Јегуновце.
Од буџетот на Општината, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС во согласност со усвоената годишна програма.
Членовите на Локалниот младински совет не добиваат надоместок за својата работа.
Стручните и административните работи за потребите на Локалниот младински совет ги врши администрацијата во Општина Јегуновце, односно назначува службеник/чка за млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.”

Член 2

Со усвојувањето на новиот текст на членовите: 26-в; 26-г, 26-д; 26-ѓ и 26-е, Статутот на Општина Јегуновце е во согласност со нормативите од Законот за младинско учество и младински политики.

Член 3

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце“.

Бр.08-422/18
07.03.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во Општина Јегуновце за 2023 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во Општина Јегуновце за 2023 година , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 07.03.2024 год.

Бр. 09-469/17
11.03.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на триесетишестата седница одржана на ден 07.03.2024 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2023 год.

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинскикте патишта и улици во Општина Јегуновце за 2023 год. бр. 09-419/1 од 04.03.2024 год. и истиот е составен дел на овој Заклучок.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр.08-422/19
07.03.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во Општина Јегуновце за 2024 година

Се прогласува Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во Општина Јегуновце за 2024 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 07.03.2024 год.

Бр. 09-469/18
11.03.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 60 и 61 од Законот за јавните патишта ("Сл.весник на РМ" бр.84/08, 52/09,114/09,124/10, 23/11, 53/11...163/16) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Јегуновце ("Сл.гласник на Општина Јегуновце" бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на триесетишестата седница одржана на ден 07.03.2024 год. донесе

П Р О Г Р А М А

За изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2024 година

Со оваа Програма се настојува да се опфатат сите годишни работи за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улиците во Општина Јегуновце за 2024 година.

Покрај ова во Програмата ќе бидат опфатени и работите околу доградба на линии за улично осветлување и одржување на уличното осветлување по населените места во општината.

Реализацијата на предвидените работи со Програмата во основа ќе зависи од приливот на финансиски средства за тековната 2024 година како и ангажираноста и учеството на месната самоуправа во изградбата и одржувањето на општинските патишта и улици.

Според известување од ЈП за државни патишта-Скопје средствата наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици за Општина Јегуновце за 2024 г. изнесуваат 2.293.969,00 ден.

I. Приходи

1. Од Агенцијата за државни патишта	2.293.969 ден.
2. Надоместок за улично осветлување	7.300.000 ден.
3. Надоместок за градежно земјиште	500.000 ден.
Вкупно:	10.093.969 ден.

Од предвидените приходи средствата ќе се реализираат како следи:

II. Расходи

1. За изградба на општински патишта и улици,	2.293.969 ден.
2. За потрошена електрична енергија изградба и одржување на ул.осветлување	7.000.000 ден.
3. За редовно инвестиционо одржување	800.000 ден.
Вкупно:	10.093.969 ден.

Од планираните средства за изградба и одржување се предвидуваат следниве работи:

Изградба на општински патишта и улици, крпење на најоштетените делови од локалната патна мрежа и тампонирање на улици по населените места на Општина Јегуновце.

За зимско одржување на општинската патна мрежа ќе се ангажира организација спремна со механизација за таква намена.

Предвидените средства од Агенцијата за државни патишта према расходи би биле:

- за изградба 50%	1.146.984 ден.
- за редовно инвестиционо одржување 50%	1.146.985 ден.

Планираните средства за улично осветлување ќе се реализираат за потрошена ел. енергија, за купување на електро опрема за улично осветлување и за одржување на уличното осветлување.

Планираните средства од надоместок за градежно земјиште ќе се реализираат за редовно инвестиционо одржување на патишта и улици

Реализацијата на Програмата ќе зависи од приливот на средствата.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-422/20
07.03.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за распределба на средствата од програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во 2024 год. по населените места во Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за распределба на средствата од програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во 2024 год. по населените места во Општина Јегуновце , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 07.03.2024 год.

Бр. 09-469/19
11.03.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл. весник на РМ„ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Советот на Општина Јегуновце на триесетишестата седница одржана на ден 07.03.2024 год. донесе,

О Д Л У К А

За распределба на средствата од Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во 2024 год. по населени места во Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се врши распределба на средствата од Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во 2024 год. по населени места во Општина Јегуновце

Член 2

Бехатон плочки во вкупна површина од 4.000 м2 ќе се распределат по следните населени места:

- за изградба, одржување на општински пат/улица во н.м. Жилче 650 м2бехатон
- за изградба, одржување на општински пат/улица во н.м. Прељубиште 650 м2бехатон
- за изградба, одржување на општински пат/улица во н.м. Сиричино 650 м2бехатон
- за изградба, одржување на општински пат/улица во н.м. Беловиште 650 м2бехатон
- за изградба, одржување на општински пат/улица во н.м. Вратница 650 м2бехатон
- за изградба, одржување на општински пат/улица во н.м. Г.Орашје 650 м2бехатон

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник Општина Јегуновце„.

Бр.08-422/21
07.03.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиска помош , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 07.03.2024 год.

Бр. 09-469/20
11.03.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на триесетишестата седница одржана на ден 07.03.2024 год., го разгледа барањето од Дејан Крстовски од с.Туденце и донесе,

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Дејан Крстовски од с.Туденце му се одобрува еднократна финансиска помош во износ од 20.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобрува за надомест на штета причинета од пожар кој избувнал на ден 07.02.2024 год. во с.Туденце на мв.„Бучеји„ КО Туденце во површина од 8000 м^2 засеана и необрана пченка.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-422/22
07.03.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште при реализација на Основен проект за изградба на улица во н.м Јегуновце-Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката Одлуката за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште при реализација на Основен проект за изградба на улица во н.м Јегуновце-Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 07.03.2024 год.

Бр. 09-469/21
11.03.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на триесетишестата седница одржана на ден 07.03.2024 год. донесе

О Д Л У К А

За ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште при реализација на Основен проект за изградба на улица во н.с. Јегуновце-Општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште се ослободува инвеститорот Општина Јегуновце при реализација на Основниот проект за изградба на улица во н.с. Јегуновце-Општина Јегуновце

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник„ на Општина Јегуновце.

Бр.08-422/23
07.03.2024 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Буџетски календар за донесување на Буџетот на општина Јегуновце за 2025 г. 1

2. Буџетски календар за донесување на Буџетот на општина Јегуновце за 2025 г. 2

3. Решение за прогласување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Јегуновце за 2023 г. 4

4. Завршна сметка на Буџетот на ЕЛС Јегуновце за 2023 г. 5

5. Решение за прогласување на Одлуката за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на ЕЛС Јегуновце за 2023 38

6. Одлука за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на ЕЛС Јегуновце за 2023 39

7. Решение за прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на критериуми за исплата на плата, додатоци на плата, надоместоци на плата и други примања за вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце 40

8. Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на критериуми за исплата на плата, додатоци на плата, надоместоци на плата и други примања за вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце 41

9. Решение за прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце..... 42

10. Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за платите на вработените во Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце..... 43

11. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2024 година во Општина Јегуновце 44

12. Одлука за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2024 година во Општина Јегуновце 45

13. Решение за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот од извршениот попис на средствата, ситен инвентар и попис на благајната со состојба 31.12.2023 год. во Општина Јегуновце 46

14. Заклучок за усвојување на Извештајот од извршениот попис на средствата, ситен инвентар и попис на благајната со состојба 31.12.2023 год. во Општина Јегуновце 47

15. Решение за прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Јегуновце 48

16. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Јегуновце 49

17. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Завршната сметка за 2023 год. на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во с.Јегуновце, Општина Јегуновце 50

18. Одлука за давање согласност на Годишната сметка за 2023 год. на ЈОУДГ „ЈАБОЛЧИЊА с.Јегуновце..... 51

19. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2023 год. на ООУ „Александар Здравковски„ Јегуновце 52

20. Одлука за давање согласност на Годишната сметка за 2023 год. на ООУ „Александар Здравковски„ Јегуновце 53

21. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2023 год. на ООУ„Шемшово„ -.Шемшово..... 54

22. Одлука за давање согласност на Годишната сметка за 2023 год. на ООУ „Шемшово„ -Шемшово 55

23. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2023 год. на ООУ„Симче Настовски„ Вратница..... 56

24. Одлука за давање согласност на Годишната сметка за 2023 год. на ООУ „Симче Настовски„ Вратница..... 57

25. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Завршната сметка за 2023 год. на ЈЛУ Библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште-Општина Јегуновце..... 58

26. Одлука за давање согласност на Завршната сметка за 2023 год. на ЈЛУ Библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште-Општина Јегуновце..... 59

27. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Завршна сметка за 2023 год. на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце..... 60

28. Одлука за давање согласност на Завршна сметка за 2023 год. на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце..... 61

29. Решение за прогласување на Програмата за активностите на Општина Јегуновце за ревитализација по елиминирање на кризи во областа на заштита и спасување во 2024 год. 62

30. Програма за активностите на Општина Јегуновце за ревитализација по елиминирање на кризи во областа на заштита и спасување во 2024 год. 63

31. Решение за прогласување на Статутарна одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Јегуновце 67

32. Статутарна одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Јегуновце 68

33. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2023 год..... 71

34. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2023 год. 72

35. Решение за прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2024 година 73

36. Програма за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2024 година 74

37. Решение за прогласување на Одлуката за распределба на средствата од Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во 2024 год. по населени места во Општина Јегуновце..... 76

38. Одлука за распределба на средствата од Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во 2024 год. по населени места во Општина Јегуновце..... 77

39. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства 78

40. Одлука за одобрување на финансиски средства 79

41. Решение за прогласување на Одлуката за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште при реализација на Основен проект за изградба на улица во н.с. Јегуновце- Општина Јегуновце 80

42. Одлука за ослободување на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште при реализација на Основен проект за изградба на улица во н.с. Јегуновце- Општина Јегуновце 81